**Обраќање на министерот за одбрана Владо Мисајловски на годишниот брифинг со одбранбени аташеи – 18.12.2024г. – Регионален центар за односи со јавност**

Почитувани одбранбени аташеи,

Добредојдовте во просториите на Регионалниот центар за односи со јавноста кој за нас претставува уште еден силен капацитет во развојот на мултилатералната соработка.

Иако денеска за прв пат се среќаваме во овој формат, фактот дека досега со многумина од вас имав можност да разговарам на нашите билатерални средби во Министерството е јасен доказ за нашата посветеност на билатералната и мултилатералната одбранбена политика се разбира и соработка. И мојата татковина, и државите кои ги претставувате се дел од еден глобален меѓународен поредок кој може да функционира и да ја гарантира безбедноста на своите граѓани само ако соработуваме искрено и посветено и ако имаме една цел пред нас – а, тоа е мирот, стабилноста и демократијата.

Светот се соочува со низа предизвици. Нарушената безбедност на европскиот континент со отворена агресија на една земја кон друга суверена и независна земја; заканите од хибридна природа, вклучувајќи го и сајбер-просторот; ширењето на штетни дезинформации; климатските промени – и сето тоа укажува на неоспорниот факт дека се наоѓаме на крстопат на кој треба да направиме сè за да го избереме патот кон сигурност и просперитет.

Иако на оваа средба моите колеги од Министерството и Армијата ќе ја заокружат 2024 година и сите активности кои ги спроведовме изминатите 365 дена, јас сакам да се фокусирам денес исто така и на иднината.

А, идниот развој за одбраната и Армијата првенствено можеме да го видиме преку вложувањето и инвестициите во нив. Одбранбениот буџет е донесен и драго ми е што и Владата и моите колеги – министри имаа слух за потребите на министерството за одбрана. Како и изминатата, и за 2025 година, одбранбениот буџет изнесува над 2 проценти од бруто-домашниот производ со што ние како сојузник во НАТО го исполнуваме стандардот кој заеднички го поставивме. Посветеноста кон инвестициите во одбраната може да се види и во структурата на овој донесен буџет. Сакам да ве информирам дека над 32 проценти од одбранбениот буџет за 2025 година ќе бидат наменети за модернизација и опремување. Споредено со 2024 година тоа се

над 18 милиони евра повеќе за нова и модерна опрема, за посилна Армија, за посилна колективна одбрана во НАТО – Алијансата. Тоа е уште еден неоспорен доказ дека нашата држава е активен и посветен сојузник.

Но, придонесот кон НАТО не е само во инвестициите дома, туку е јасен и видлив и надвор од нашите граници. Македонски војници и офицери секојдневно работат задно со нивните „браќа во НАТО“ – мисијата КФОР на Косово, во мултинационалните сили на НАТО во Латвија, Бугарија и Романија. Македонското знаме ќе се вее заедно со знамињата на сојузниците во овие земји и во 2025 година!

Остануваме активни и во операцијата на Европската Унија во Босна и Херцеговина, АЛТЕА, како и во мисијата на Обединетите Нации во Либан, УНИФИЛ.

Кога ја споменав соработката со Европската Унија, би сакал да истакнам дека неодамна со Унијата потпишавме партнерски договор за безбедност и одбрана. За нас како членка на НАТО, активностите во доменот на одбраната ги сметаме за комплементарни со напорите на Унијата. Европската безбедност побарува силна и постојана соработка помеѓу Унијата и Алијансата зашто нашите вредности, нашите идеали се единствени и неодвоиви.

Македонските вредности се европски вредности и затоа нашата цел како Влада и одбрана е истата посветеност која сојузниците можат да ја видат во НАТО, да можеме да ја понудиме и во Европската Унија. Поминавме долг и трнлив пат во овој процес и сега е дојдено времето заедно да започнеме забрзано да го чекориме патот и кон заедничкото европско семејство.

Почитувани одбранбени аташеи,

Од моментот кога ја преземав функцијата министер за одбрана, пред мене си поставив три приоритети во развојот на одбраната, тоа е – стабилното буџетирање, засилување на процесот на модернизација и целосно почитување на правата и обврските кон вработените, кои се за мене но и за сите нас нашиот најголем ресурс. Драго ми е што можам да кажам дека успеавме по сите три основи и дека на истиот начин продолжуваме да работиме и следната година.

Во текот на денешниот ден од искусни професионалци во Министерството и Армијата ќе се запознаете со повеќе детали поврзани со одбраната. Ви посакувам успешен ден и на самиот крај дозволете ми да повторам дека соработката помеѓу сите нас е клучот за враќање на глобалната безбедност. Вие сте една од алатките која овозможува нашата соработка да се развива и затоа ви благодарам за покажаната посветеност.

На крај ќе ми дозволите да ви ги честитам претстојните празници, да ви посакам успешна година, да ви посакам успешна нова година, да имаме одлична соработка во секое поле  и навистина сум благодарен за овие шест месеци, за одличната соработка со скоро сите од вас.

Благодарам.